S C
B L

## Проект: Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва

Прва тркалезна маса

**„Бришење на неактивните субјекти по службена должност – проблеми во практика“**

Во рамките на проектот „Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва„ на 04.април 2017 година е одржана тркалезна маса на тема: Бришење на неактивните субјекти по службена должност – проблеми во практика„. Во расправата, во која учествуваа претставници на Министерството за економија, Централниот Регистар, Управата за јавни приходи, коморите и други заинтересирани страни, изнесени се повеќе примери на недоречености и недоследности во примената на постојната легислатива и предложени препораки за натамошни промени и законски подобрувања.

Потенциарана е потребата од поголема транспарентност, како и прецизно нормативно уредување на условите под кои се спроведува ликвидацијата, со посебен акцент на заштита на правата на содружниците, акционерите и доверителите.



Меѓу прашањата на кои е дебатирано е начинот на известувањето за отпочнување на постапка за бришење на неактивни субјекти, односно дали постојниот е доволен за заштита на правата на доверителите. Побарано е редефинирање на условите врз основа на кои Централниот регистар може да отпочне постапка за бришење на неактивен субјект, како и дефинирање на нормативна рамка за основите за поведување на постапка за присилна ликвидација која во моментот законски не е дефинирана.

Проектот „Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва“ се реализира со средства од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската унија и е имплементиран од страна на конзорциум предводен од Pohl Consulting & Associates, во партнерство со Ernst&Young.

Скопје, 04.04.2017